OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 1 Јуни 2017 година

# „Биди Банкар!“ Летна школа на Охридска банка Сосиете Женерал

Интензивна летна школа, во период од 3-28 јули 2017, во Охрид

Охридска банка Сосиете Женерал, организира интензивна летна школа за сите заинтересирани студенти кои се во завршна година на додипломски или постдипломски студии, која ќе се одржи во Охрид, од 3 до 28 јули 2017 година.

Концептот на школата е интерактивен со практични и тематски предавања кои ќе им помогнат на младите кадри да се стекнат со професионално искуство во различни области и кариерен развој.

Програмата на школата вклучува различни активности, како практична работа во дирекцијата и експозитурите на Банката во Охрид, тематски предавања од областа на банкарството и финансиите, обуки за меки вештини, предавачи од реномирани компании, како и многу забава, дружење и едукација.
Школата има за цел да ги воведе младите кадри во банкарското работење преку практична работа, да го прошири знаењето на учесниците во повеќе области на банкарството и финансиите, потоа да ги подготви младите за пазарот на трудот преку работилници за меки вештини, како и да овозможи едномесечно дружење, забава, учење и многу интересни активности кои ќе помогнат во понатамошниот кариерен развој на учесниците.

Сите заинтересирани студенти кои се во завршна година на додипломски или постдипломски студии, можат своите Апликации да ги достават на e-mail: kariera@ob.com.mk со назнака „Апликација за летна школа“, најдоцна до 12 јуни 2017 година.

Трошоците за храна и сместување во текот на времетраењето на школата, ќе бидат покриени од страна на Охридска банка Сосиете Женерал.

Повеќе информации на www.ohridskabanka.mk

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*<u>За Охридска банка Сосиете Женерал</u>*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker”, и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од “Global Finance“.*


**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Ивана Петревска
Референт за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682